Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë

ЦКА-ПХВ
ККА-РVН

# Мали проекти



*Описот на малите проекти го правиме секоја година. Некогаш се 150 мали проекти, некогаш 180, некогаш 200... но бројката и не е така важна. Важна е содржината. Важно е читателу да знаеш дека секој проект е реализиран, дека го реализирал тим од 5 до 6 младинци на возраст од 13 до 18 години, дека се вложени по 50 волонтерски часови, дека ликовите се вистинити, дека тоа што го читаш навистина се случува во нашето општество. Има вакви храбри млади луѓе кои ги носаат промените и им помагаат на оние кои се на работ и мислат дека нема излез.*

*Ние сме горди на нашите младинци. Запознавме секакви, скромни, зборлести, повлечени, таинствени, позитивни, лидери...но на сите, баш на сите,  по реализација на малите проекти, очите им светат на ист начин. Знаат дека се поинакви.*

***Алекс и ПХВ тимот***

### *Меѓународни училишта НОВА “Teenage riot во хуманитарен поход”*

Целта на овој проект е собирање на парични средства за реконструирање на одводна канализација, електрична инсталација и бетонирање на патека покрај дневниот центар за лице со интелектуална попреченост Порака-Капиштец. Младите од овој проект собирале средства на концерите на Масимо Савиќ и на Бело Дугме, организирале сопствен хуманитарен концерт со повеќе бендови од Македонија, организирале 3 ликовни работилници со корисниците и креациите од истите и ги продавале. Собрале 74.108 денари и ја реализирале зацртаната цел и дополнително изградиле настрешница на објектот.

Дисеминатор: Соња Стојковиќ

### *Меѓународни училишта НОВА “Сите заедно”*

Учесниците од овој проект сакале да ја подигнаат свеста за лицата со церебрална парализа. За да ја остварат целта тие реализирале 7 креативни работилници со штитениците од центарот и во текот на истите се подготвувале за музички настап. Организирале настап во Јавна соба и настапувале заедно со ученичкиот хор од самото училиште. Посетителите на настанот можеле да донираат средства во поставените касички и собрале 3.450 денари и со средствата обезбедиле материјали за кретивни изработки за децата од центарото. Учениците од НОВА ќе продолжаат да ги посетуваат штитениците од овој центар и во иднина.

Дисеминатор: Соња Стојковиќ

### *Сојуз на извидници на Македонија “Детски активизам и вклученост во акции за подигање на свеста”*

Група на млади извидници преку овој проект сакале да ги раздвижаат останатите млади извидници преку низа на акции за доборбит на својата заедница. Организирале садење на садници, односно разубавување на својата средина, чистење на кејот на реката Вардар кај мостот во населба Н.Лисиче. Исто така поделиле храна за бездомници и луѓе што питачат, поточно 15 оброци и 16 сендвичи.

Дисеминатор: Николас Стаменковиќ

### *Сојуз на извидници на Македонија “Социјална инклузија”*

Младите кои го изработуваа овој проект организирале 7 креативни работилници преку кои имаа можност да се дружаат со лицата со попреченост кои всушност беа нивна

целна група. Преку самите работилници, тие работеле на нивната самодоверба, на темите како тимска работа и го учеле јазикот на глувонемите за да може полесно да комуницираат. Во работилниците беа вклучени 25 лица со посебни потреби.

Дисеминатор: Николас Стаменковиќ

### *ООЦК Берово – „Со малку пари и многу љубов да изградиме подобар свет“*

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да помогнат на семејството Мустафови чија куќа изгорела при поголем пожар во нивната населба. За да помогнат на семејството тие организираат собирна акција, хуманитарна забава, хуманитарен фудбалски натпревар, продажба на велигденски јајца и дополнително се ангажираат да обезбедат донации од локалните фирми. Преку организација на сите тие активности тие успеваат да соберат финансиски средства преку кои обезбедуваат градежен материјал, дополнително добиваат донации на останатиот дел од градежниот материјал, а исто така обезебдуваат и пакети со прехранбени производи и облека за семејството.

Дисеминатор: Иван Гаштеовски

### *ООЦК Берово – „Опожарена куќа“*

Целта во овој проект била да се санира дел од покривот на една опожарена куќа. За да ја реализираат својата цел мадите организирале забава со Ди Џеј, хуманитарна претстава и преку собирни акции низ нивниот град собирале донации. По завршување на сите активности тие успеале да соберат 73 500 денари од кои обезбедиле цемент, дрвен материјал и го санирале делот каде што инсталацијата на струјата бил оштетен.

Дисеминатор: Иван Гаштеовски

### *ООЦК Битола – „Една цел, повеќе јазици“*

Цел на овој проект младите од Битола решиле да биде првата помош, поточно да се промовира првата помош на учениците од албанската и турската националност во едно училиште во Битола. Преку претходно истражување воочиле дека во нивното училиште, учениците од албанска и турска националност не биле запознаени со првата помош, па затоа младите кои го изработуваа овој проект решија да

реализираат обука на сите ученици од турска и албанска националност во ООУ „Гоце Делчев“. Преку реализација на обуките тие успеаа да едуцираат 263 ученици.

Дисеминатор: Филип Стефановски/Софија Трампевска

### ООЦК Битола – „Линкести“

Матурската вечер е многу важна за младите луѓе, па затоа младинците кои го изработуваа овој проект одлучија да помогнат на нивниот соученик да не се двои од неговите врсници и преку договор со еден локален бутик тие успеваат да обезбедат донација на матурска облека за нивниот врсник.

Дисеминатор: Филип Стефановски/Софија Трампевска

### ООЦК Битола – „Забавувај се и подари насмевка“

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се помогне на М.П. која има тумор на коленото и и беше потребно да се направи операција. Младите организираа забава во „Конект кафе“ во Битола на која настапувал бенд, додека претходно биле изработени плакати и карти кои се продавале низ градот. Од забавата тие успеваат да соберат 13 000 денари кои ги префрлаат на сметката на младата девојкаа за да може да се изведе операцијата.

Дисеминатор: Филип Стефановски/Софија Трампевска

### ООЦК Битола – „Заедно против пороците на денешницата“

Со овој проект волонтерите си зацртаа цел подигнување на свеста кај младите за штетното дејство на цигарите, дрогата и алкохолот за да не се доведат во ситуација да страдаат поради користење на овие супстанци. Начинот на кој тие придонесоа кон оставрување на нивната цел беше преку организирање на театарски претстави на тема зависности во сите основни училишта во Битола.

Дисеминатор: Филип Стефановски/Софија Трампевска

### ООЦК Битола – „Запознај ја Битола на точак“

Целта на оваа група беше да влијае на намалување на загаденоста на воздухот во градот преку нудење на една алтернативна опција на движење низ градот,

организирање на прошетка низ знаменитостите во Битола на велосипед. Во период од 6 дена младите го истражуваа градот на велосипед, по што изготвија мапа на градот за велосипедска прошетка на која се означени сите знаменитости на градот.

Дисеминатор: Филип Стефановски/Софија Трампевска

## *ООЦК Битола „Македонија во минатото“*

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се запознаат другите култури во Битола со македонската традиција на тој начин што ќе ја прикажат културата, облеката, храната и начинот на живот на нивните предци. Тие успеаа да обезбедат народни носии од едно културно уметничко друштво во Битола и да ги изложат во нивните простории, покрај тоа младите во истите тие простории вршат и едукација и презентација на посетителите за македонската култура.

Дисеминатор: Филип Стефановски/Софија Трампевска

## *ООЦК Битола „За подобро утре“*

За цел во овој проект младите си поставиле дека ќе го разубават с. Будаково, Битолско. За да ја остварат целта тие бараат спонзорства од локални фирми и успеваат да набава боја, песок, цимент, клупи и столчиња со што ги реновираат пешачките зони во селото, а покрај тоа тие успеваат и да ги реновираат лулашките во училишниот двор каде што новите генрации ќе можат безгрижно да се забавуваат.

Дисеминатор: Филип Стефановски/Софија Трампевска

## *ООЦК Битола „Дискриминација“*

Идејата на овој проект беше да се укаже на тоа дека сите луѓе се исти без разлика на верската или националната припадност. За да го направат тоа, тие организираат презентации во 3 основни училишта преку кои опфаќаат 320 ученици на кои им презентираат повеќе околу дискриминацијата и националностите и како сите луѓе се исти и еднакви.

Дисеминатор: Филип Стефановски/Софија Трампевска

## *ООЦК Битола „Бон-тон навики за секое дете“*

Целта на овој проект беше подигање на свеста за добро однесување кај децата од прво одделение. Направено е истражување во ОУ Св.Климент Охридски и во самото училиште се реализирани 3 работилници-презентации на кои присуствувале некаде околу 90 деца на кои им е раскажувано за добрите навики, за бонтонот и доброто однесување.

Дисеминатор: Филип Стефановски/Софија Трампевска

## *ООЦК Битола „Да им овозможиме да се едуцираат“*

Младите во овој проект имаа за цел да придонесат за подобрување на условите за учење на децата од социјално ранливите категории. Тие решија да им помогнат така што ќе им обезбедат училишен прибор. Во училиштето беше организирана собирна акција која траеше 3 дена. Донираа соучениците и се собра поголема количина на прибор кој понатака беше поделен на децата.

Дисеминатор: Филип Стефановски/Софија Трампевска

## *ООЦК Битола „Дисеминација“*

Целта на овој проект беше да се рашири хуманата идеја на Црвениот крст и да се зголеми знаењето за Црвениот крст и активностите реализирани меѓу жителите во Битола. За да ја остварат целта тие организираат интерактивни дисеминациски работилници на кои активно анимираат 250 млади и им ги пренесуваат своите знаења за активностите на меѓународното движење.

Дисеминатор: Филип Стефановски

## *ООЦК Валандово „Подари внимание, добиј насмевка“*

Младите од овој проект имаа за цел да помогнат едно единаесет годишно дете од Валандово кое има низок раст и не е социјализирано со неговите врсници. Тие организираат повеќе културни настани во училиштата во Валандово и преку таквата организација успеваат да соберат доволно средства за да му обезбедат таблет, комплет облека, патики и училишен прибор.

Дисеминатор: Габриела Николова

### *ООЦК Валандово „ Во нас е хуманоста, во насмевките е љубовта“*

Групата која го изработуваше овој проект имаше за цел да помогне на едно 5 члено социјално загрозено семејство така што ќе им обезбедат прехранбени продукти и средства за хигиена. Тие за да ја оставарат целта организираат театарски претстави „Пинокио“ и „Петар Пан“, а покрај тоа организираат и поетска вечер. На тој начин тие успеваат да обезбедат за семејството се што имаа во план.

Дисеминатор: Габриела Николова

### *ООЦК Валандово „Светла ѕвезда на темното небо“*

Во овој проект младите сакаат да помогнат на едно социјално загрозено семејство така што ќе обезбедат различни средства и апарати за домаќинство. Преку организација на креативни работилници, концерт, поетско читање и собирање на донации од граѓаните и институциите тие успеваат да обезбедат доволно финансиски средства со кои обезбедуваат шпорет, казанче, лавабо, шолја, материјал за довод и одвод на вода.

Дисеминатор: Габриела Николова

### *ООЦК Велес „Хуманоста не познава граници“*

Младите во овој проект организирале 2 хуманитарни забави и пинг понг турнир во нивниот град со цел да помогнат на едно 12 члено семејство од општина Чашка. По завршувањето на активностите тие успеваат да соберат доволно срдества за да обезбедат на семејството машина за перење на алишта, пакети со храна, хигиена и облека.

Дисеминатор: Пенчо Андреев

### *ООЦК Велес „Рака што дава не се суши“*

Целта на волонтерите во овој проект беше да помогнат на 3 члено семејство во кое таткото боледува од тешка мозочна болест, на тој начин што ќе соберат средтва за негово лекување. Младите за да ја остварат својата цел организираа 3 собирни акции во нивниот град. За жал поради смрт на корисникот тие не

ја сотваруваат нивната цел, но сепак помагаат на семејството така што им ги префрлаат собраните средства за да ги користат за нивните потреби

Дисеминатор: Пенчо Андреев

***ООЦК Велес „За подобар свет потребни се хумани луѓе“***

Целта на овој проект беше да се помогне на едно социјално загрозено семејство. За да ја остварат својата цел младинците организираат низа собирни акции во својот град, како и продажба на првоаприлски маски на штанд во центарот на градот. Со собраните средства тие купуваат и донираат на семејството пакети со прехранбени продукти и хигиенски производи.

Дисеминатор: Пенчо Андреев

***ООЦК Велес „За домот да биде повторно дом“*** Младите во овој проект одлучиле да помогнат на едно семејство чиј дом изгорел. Тие организираат низа активности како забава, турнир во одбојка, собирна акција и театарска претстава, преку кои успеваат да обезбедат дел од покуќнината односно 2 кревети, маса, столици, плакари, ќебиња, теписон, јорган, завеси, ламинат и покрај сето тоа тие донираат прехранбени продукти и подмируваат дел од заостанатите сметки на семејството. Во текот на целиот проект покрај тоа што ги организирале активностите за собирање на средства, младите го посетиле синот во болницата и се обиделе да најдат вработување за некој од членовите од семејството.

Дисеминатор: Пенчо Андреев

***ООЦК Велес „Со љубов до подобар живот“***

Целта на овој проект беше да му се помогне на 84 годишно лице кое живее само и во нехигиенски услови настанати како последица на собирање работи од отпад и сето ѓубре потоа го складирал дом,а при што се создавало непријатна миризба, не само во неговиот дом туку и во околината. Младите по увидување на проблемот ги повикуваат надлежните од комунална хигиена кои го чистат целиот простор, потоа организираат собирни акции од кои со собраните средства обезбедуваат топол оброк во текот на целиот месец. Покрај сето тоа тие увиделе дека дедото има здравствени проблеми поради што го однеле во

здравствен дом каде што му била дијагностицирана гангрена и поради тоа му биле ампутирани нозете. На крајот од проектот младите добиле ветување дека по завршување на лекувањето дедото ќе биде сместен во здравствен дом.

Дисеминатор: Пенчо Андреев

### *ООЦК Виница „Со хуманост до зрнце светлина во мракот“*

Целта на овој проект беше да се обезбедат фрижидер со длабоко замрзнување, теписи, телевизор и прехранбени производи за 3 члено социјално загрозено семејство од с. Липец, Виница. Младите преку организирање на хуманитарна забава во ОУ „Гоце Делчев“ , собирен штанд на локалниот пазар и донации успеваат да ги обезбедат сите потребни работи и да го достават на семејството.

Дисеминатор: Михаил Манасиев

### *ООЦК Виница „Подај рака, насмеј нечие лице“*

Целта на младите во овој проект беше да се помогне на с. Ефремови така што ќе им обезбедат покуќнина и материјали за реновирање на просторијата во која живеат. За да помогнат на семејството тие организираат концерт преку кој ги активираат сите во нивната околина, особено локалните фирми кои покрај тоа што им помагаат со организацијата на концертот преку принтање на карти, постери и промоција на граѓаните, тие им помагаат и со донација на дел од покуќнината и материјалите потребни за домот на корисниците. Концертот се одржува успешно во домот на култура „Тошо Арсов“, а младите успеваат да обезбедат на семејството кревет, тепих, маса, поликолор, песок, цемент, прехранбени производи, облека и чевли.

Дисеминатор: Михаил Манасиев

### *ООЦК Виница „Со мала креативност до големи насмевки“*

Младите од овој проект решија да помогнат на децата од дневниот центар во Виница така што ќе ги социјализираат, а покрај тоа ќе им обезбедат и печатач наменет за потребите на центарот. Младите организираат вечер на поетско читање и проекција на цртан филм во градинките преку кој успеваат да соебрат доволно средства за да го обезбедат печатачот, додека за да ги социјализираат

децата од центарот организираат прошетка во паркот.

Дисеминатор: Михаил Манасиев

### *ООЦК Виница „Малку хуманост за многу среќа“*

Младите од овој проект имаа за цел да ги подобрат условите во домот за деца со посебни потреби од училишниот дом од с. Блатец така што ќе им обезбедат нови душеци. За да ја остварат целта тие организираат хуманитарна забава под маски на која присуствуваат голем број на млади луѓе од нивната околина кои донираат за остварување на целта на нивните врсници. По завршувањето на забавата младите имаат доволно средства и обезбедуваат 6 душеци за домот.

Дисеминатор: Михаил Манасиев

### *ООЦК Виница „Биди виножито во нечија бура“*

Целта на младите кои го изработувале овој проект беше да се помогне на едно 3 годишно детенце кое е болно од леукемија. За да му помогнат на детенцето тие организираат натпревар во традиционални игри, поточно „Тодорови трки“ кои традиционално се одржувале порано во нивниот град, но замреле во последните неколку години. Со организацијата на традиционалните трки, тие го активираат целиот град за да ја остварат нивната цел и со тоа успеваат соберат 41.000 денари за лекување на детенцето.

Дисеминатор: Михаил Манасие

### *ООЦК Гостивар „Помалку солзи, повеќе насмевки“*

Целта на овој проект беше да се помогне на 7 члено семејство од Гостивар чија куќа е опожарена. За да помогнат на семејството тие организираат проекција на филм, собирни акции, дополнително обезведуваат и донации преку кои успеваат да обезбедат облека, машина за перење облека, врата, прозорец, тоалет, лавабо, ќебиња, прибор за јадење, тепих, мебел, корито и чешма, а покрај тоа обезбедуваат и прехранбени и хигиенски производи за семејството.

Дисеминатор: Николина Симјаноска

### *ООЦК Гостивар „Насмевката е иста на сите јазици“*

Младите во овој проект имаа за цел да ги социјализираат децата со интелектуална попречност од ОУ „Исмаил Ќемали“ и да обезбедат дидактички материјали за работа со нив. За да ја остварат целта организираат собирни акции и натпревар во ракомет помеѓу екипи од Гостивар и Скопје кои ги завршуваат успешно и со собраните средства ги носат децата во државниот универзитет во Тетово каде имало настан со други деца со интелктуална попреченост, покрај тоа обезбедуваат и сметалки, сложувалки, стапчиња, шпатулки, стрелки, боенки и играчки-букви.

Дисеминатор: Николина Симјаноска

### *ООЦК Гостивар „Од децата за децата“*

Целта на овој проект беше да се подобрат условите во градинката Пчела во Гостивар така што ќе се подобри изгледот на дворот. Преку организација на забава со кловн и продажба на храна и пијалоци за 1 април, собираат доволно финансиски средства со кои младите лично бетонираат дел од дворот на градинката и поставуваат клупи за седење.

Дисеминатор: Бурхан Клинче

### *ООЦК Гостивар „Еден потег спасен живот“*

Младите во овој проект имаа за цел да им пренесат знаење на основците од нивниот град така што ќе ги научат прва помош. Со помош на обучен тим за прва помош тие органзираат 8 обуки на 120 ученици од македонска и албанска националност на младите од основните училишта во Гостивар.

Дисеминатор: Николина Симјаноска-Бурхан Клинче

### *ООЦК Гостивар „Да подадеме рака на оние на кои им е најпотребно“*

Целта на овој проект беше да се разубави и разигра детството на едно мало детенце кое живее само со неговата мајка така што ќе му се уреди детската соба. За да го остварат тоа тие бараат спонзорства и организираат собирни акции во нивниот град преку што обезбедуваат доволно средства за да ја уредат

собата. На крајот од нивниот проект собата е уредена целосно со кревет, плакар, работна маса и столица, додека младите сами ја бојадисуваат и собата. Покрај уредувањето на собата тие обезбедуваат пегла и сушара за мајката.

Дисеминатор: Николина Симјаноска

### *ООЦК Гостивар „Хуманоста е одлика на луѓето со големо срце“*

Целта на овој проект беше да се подобрат животните услови на едно 3 члено семејство од Гостивар. Тие преку организација на хуманитарен натпревар во кошарка успеваат да соберат доволно финансиски средства и да обезбедат за семејството фрижидер, материјали за варосување, прозорец, врата, масичка, телевизор, пелени и пакети со прехранбени производи и облека.

Дисеминатор: Николина Симјаноска

### *ООЦК Гостивар „Сите не грее исто сонце“*

Целта на младите од овој проект беше да соработуваат и да се дружат со децата со посебни потреби од нивниот град, Гостивар. За да го остварат тоа тие организираат низа на креативни работилници преку кои се дружат со децата, покрај тоа релизираат и собирни акции преку кои собираат пари и купуваат компјутер за центарот.

Дисеминатор: Николина Симјаноска

### *ООЦК Гостивар „Да ја вратиме насмевката“*

Целта на проектот беше да се помогне на семејтвото Камбери кое живее во тешки услови, односно во една соба која не е поделена од тоалетот. Помошта дадена од младите беше насочена кон изградба на еден ѕид кој ќе го оддели тоалетот од еднособната просторија каде живее семејството. Преку собирање на донации од градежни фирми и организирање на собирни акции тие собираат 12 350 денари со кои купуваат прозор, цигли, цемент, песок, градежен материјал, вц школка, врата и столици. Во текот на целиот проект младите ги активираат локалните фирми и претпријатија за да ја остварат нивната цел.

Дисеминатор: Бурхан Клинче

## *ООЦК Гостивар „Немаме разлики, сите сме исти“*

Целта на прокетот беше да се изради рампа за хендикепирани лица во влезот на Центарот за култура „АСНОМ“ во Гостивар. Младинците успеаа да обезбедат донација на бетон од компанијата И.М. Бетон, арматура и даски од АКО-Градба како и архитект од претпријатието Леард проект.

Дисеминатор: Бурхан Клинче

## *ООЦК Гостивар „Со игра кон целта“*

Целта на проектот беше да се подобрат условите во училиштето “Наим Фрашери” во село Ѓурѓевиште. Младите организраат турнир во мал фубал во спортската сала во ОУ „Мехмет Дерала“ на кој учествуваат 12 екипи од различна етничка припадност од повеќе училишта во околината на Гостивар. На турнирот беа присутни и повеќе од 300 гледачи, родители, соученици, наставници, директори на училиштата и останатите жители на селата. За време на натпреварот беше промовирана меѓуетничката толеранција и соживот. Преку организацијата на турнирот беа обезбедени 32. 070 денари, средства со кои се купија материјали за реновирање на училиштето, нови клупи, нови столчиња, часовници, топки, кутии за прва помош и ѕвоно.

Дисеминатор: Бурхан Клинче

## *ООЦК Демир Хисар „За некој малку, за некој многу“*

Младите од овој проект имаа за цел да помогнат на 3 семејства така што ќе ги снабдат со компјутер, лаптоп и ќе ги исплатат болничките трошоци на нивни соученик. Преку организирање на хуманитарна забава и 2 кино проекции собираат доволно средства така што помагаат со донација на пари за покривање на болничките трошоци на нивниот соученик и купуваат лап топ за едно од семејствата. За третото семејство обезбедуваат донација на компјутер од Социјалната установа во Демир Хисар.

Дисеминатор: Маја Лозановска

## *ООЦК Дебар „Хуманоста пред се“*

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да помогнат на 2 социјално заргозени семејства. За да им помогнат тие организираат повеќе акции од куќа

на куќа со кои собираат средства за да има обезбедат пакети со прехранбени и хигиенски производи на семејствата.

Дисеминатор: Фадрије Мустафовска

### *ООЦК Дебар „Хуманоста ги зближува луѓето“*

Целта на овој проект беше да се помогне на едно 8 члено социјално семејство така што ќе им се обезбедат храна, хигиена и облека. На крајот од проектот младите успеваат да ја остварат својата цел преку организирање на собирна акција со која ги собираат потребните средства за обезбедување на пакетите со храна, хигиена и облека.

Дисеминатор: Фадрије Мустафовска

### *ООЦК Дебар „Помисли и на другите“*

Младите од овој проект имаа за цел да му помогнат на 5 членото семејство со прехранбени производи и облека. Преку донации од повеќе локални маркети и фирми успеваат да го обезбедат потребното за самохраната мајка со 4 деца.

Дисеминатор: Зењел Бурнутчију

### *ООЦК Дебар „Хуманоста е во наши раце“*

Целта на младите кои го изработувале овој проект беше да се помогне на 3 членото семејството Мифтаровски така што барем малку ќе им го олеснат секојдневието. Преку собирање на донации од фирми и организирање на собирна акција тие обезбедуваат пакети со храна, хигиена и облека за семејството.

Дисеминатор: Зењел Бурнутчију

### *ООЦК Дебар „Човекот е голем тогаш кога е хуман“*

Во овој проект младите успеваат да обезбедат машина за перење на алишта и пакет со прехранбени производи за семејството Бајрами од Дебар. Потребните средства младите во текот на проектот ги обезбедуваат така што организираат

собирна акција во нивното училиште на која ги анимираат сите нивни соученици и професори.

Дисеминатор: Зеѓел Бурнутчију

### *ООЦК Дебар „Лебот спас за гладта“*

Младите кои го изработуваа овој проект како корисници пронајдоа 6 семејства од Дебар кои немаат пари за да си обезбедат основни намирници како што е лебот. Нивна цел во проектот беше обезбедување на леб за тие семејства во наредниот период. За да ја остварат целта тие бараат донации од повеќе пекари и на крајот од проектот успеваат да пронајдат една пекара која во наредните 6 месеци ќе им обезбедува леб и кифли секојдневно на семејставата.

Дисеминатор: Зеѓел Бурнутчију

### *ООЦК Делчево „Сплотени за подобро утре“*

Целта на младите во овој проект беше да се обезбеди долгорочна помош на едно 5 члено семејство од нивниот град. За да помогнат на семејството тие организираат хуманитарна забава, настан со играта PES и Велигденски базар со рачни изработки. Со донациите од организираните активности тие успеваат да обезбедат количка за бебе, машина за перење на алишта, постелнина и облека за целото семејство.

Дисеминатор: Наталија Стојанова

### *ООЦК Делчево „Сите деца под исто небо“*

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да ја подигнат свеста кај луѓето за различни бариери и стереотипи кои се јавуваат во општеството предизвикани од верска и национална различност. За да ја остварат целта тие организраат натпревар во пантомима, турнир во фубал и кошарка на кои учествуваат лица од различна етничка припадност, додека членовите во екипите се од различни националности.

Дисеминатор: Наталија Стојанова

### *ООЦК Делчево „Повеќе дружба за многу радост“*

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да ги социјализираат децата од центарот за лица со посебни потреби во Делчево, па така младите во текот на двата месеци додека го изработуваа проектот организираа креативни работилници на кои правеа мартинки, цртаа, украсуваа првоаприлски маски, фарбаа велигденски јајца, садеа цвеќиња во дворот и гледаа цртани филмови со децата.

Дисеминатор: Наталија Стојанова

### *ООЦК Кавадарци „Два различни света сплотени во хуманоста“*

Целта во овој проект беше да се подобрат условите во домот на едно социјално загорзено семејство. Младите за да ја остварат својата цел организираат повеќе собирни акции, креативна работилница и велигденски хепенинг преку кои успеваат да обезбедат доволно средства за да купат ламинат и да го наместат во куќата на семејството.

Дисеминатор: Анастасија Јовановска

### *ООЦК Кавадарци „Насмевката на луѓето е наша цел“*

Преку организација на кретивни работилници за денот на пролетта и хуманитарен карате турнир, младите кои го изработуваа овој проект успејаа да обезбедат доволно материјали за да го реновираат целосно тоалетот на шестчленото семејство Ѓорѓиеви и со тоа да ја остварат нивната цел за подобрување на условите на семејството.

Дисеминатор: Анастасија Јовановска

### *ООЦК Кавадарци „Различностите се богатство на овој свет“*

Целта на овој проект беше да се помогне на социјално загрозено семејство од с. Дреново во кое еден член од семејството е со хендикеп и да и се подобрат условите за живот со тоа што ќе се обезбеди количка на хендикепираната ќерка за да може олеснето да се движи и да ги извршува своите секојдневни обврски и потреби, како и да се зголеми нејзината социјализација надвор од домот. Младите организираа два хуманитарни турнира, еден во street basket

и еден во кошарка преку кои успеаат да ги соберат потребните средства за да ја обезбедат инвалидската количка. Покрај тоа младите волонтери од овој проект организираа и работилници на тема различности за 78 ученика од 7 до 9 одделение во ОУ „Гоце Делчев“.

Дисеминатор: Анастасија Јовановска

### *ООЦК Кавадарци „Подари насмевка осветли нечиј живот“*

Младите од овој проект имаа за цел да помогнат на тричленото семејство Османовски така што ќе им ги подобрат хигиенските услови во нивниот дом и ќе помогнат синот да се социјализира полесно со неговите врсници. За да можат да ги обезбедат потребните средства тие организираат кретивни работилници, продажен штанд во ОУ „Тоде Перов“и хуманитарен концерт во Домот на културата, со кои на крајот од нивниот проект покрај тоа што го реновираат купатилото на семејството тие обезбедуваат и донации за да ја платат полуматурската екскурзија на синот.

Дисеминатор: Анастасија Јовановска

### *ООЦК Кавадарци „Сонцето грее за сите нас“*

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се доопреми купатилото на едно социјално загрозено семејство од Кавадарци. Преку организација на хуманитарна спортска трка, турнир во мал фудбал и велосипедски марш тие успеваат да соберат доволно средства за да обезбедат бојлер и туш батерија за семејството.

Дисеминатор: Анастасија Јовановска

### *ООЦК Кавадарци “Help ever hurt never”*

Младите од овој проект за целна група ја избраа својата соученичка со нејзино шесточлено семејство. По направено истражување најпотребно беше обезбедување на елементи за детската соба каде децат поминуваат најмногу време. Тимот организираше две хуманитарни претстави “Ромео и ЈУлија” и со голема промоција на настанот успеаа да собераат 21.190 денари за да обезбедат подобри услови на семејството. Тие купија кревет со душек и перница, работно

биро, шифоњер, шкаф, средства за хигиена како и алишта за децата.

Дисеминатор: Анастасија Јовановска

### *ООЦК Кичево „Училиштето ни дава знаење, ние го оживуваме“*

Целта на овој проект беше да се уреди оградата на средното училиште „Дрита“ во Кичево така што ќе се подобри имиџот на училиштетот. Младите организираат претстава „Ера пред судството“ преку кој собираат 11 000 денари со кои купуваат четки за фарбање и боја и здружени со нивните соученици од училиштето „Мирко Милески“ самите ја фарбаат оградата на училиштето чии простории ги делат заедно.

Дисеминатор: Арјета Селими

### *ООЦК Кичево „Да подариш не е грев“*

Младите од овој проект имаа за цел да помогна на 2 целни групи, училиштето „Милто Гура“ и семејтвото Цанковски. Тие во тек на два месеци организираат филмска вечер и продажна акција на слатки на плоштадот во Кичево преку кои успеваат да соберат доволно средства за да им обезбедат плакар на семејството и да купат шестар, глобус, хамери и топки за училиштето.

Дисеминатор: Арјета Селими

### *ООЦК Кичево „Хумани приказни“*

Целта на овој проект беше да се помогне на едно четиричлено семејство од с. Манстирско Доленци. За таа цел младите најпрво организираат собирна акција на прехранбени и хигиенски производи во два локални маркети во кои купувачите сами донираат производи за семејството. На овој начин тие собрале неколку пакети со храна и хигиена кои ги донирале директно на семејството. Потоа организирале поетска вечер со седум локални поети на кои се читало поезија од Петре М. Андреевски, Кочо Рацин, Гане Тодоровски, Ацо Шопов и Никола Маџиров. Покрај тоа младите направиле сликовница за која самите смислиле приказна, го напишале текстот и ги нацртале цртежите. Со парите собрани од поетската вечер и од продажбата на сликовниците купена е храна, хигиенски пакети како и боја за да се офарбат зидовите.

Дисеминатор: Димитар Крстески

### *ООЦК Кичево „Хуманост за среќно детство“*

Младите од овој проект имаа за цел да помогнат при лекувањето на младиот М. Ј. кој боледува од ретка бубрежна болест, со купување на катетери што ги користи секој ден. Преку изработка на медени срциња и нивна продажба на св. Валентај и организација на проекција на филм, успеале да соберат 7 000 денари кои и ги предале на мајката на Михаил за да може да си ги купат потребните катетери со цел да се олесни неговата здравствена состојба .

Дисеминатор: Димитар Крстески

### *ООЦК Кичево „Подари насмевка на сиромашни“*

Младите од овој проект имаа за цел да помогнат на 3 социјално загорзени семејства од нивната околина. Тие успеваат да обезбедат шпорет за едното семејство, фрижидер за другото и да ја платат киријата за нивата на третото семејство со финансиските средства собрани преку продажба на лимонада за денот на пролетта и организација на изложба на слики.

Дисеминатор: Арјета Селими

### *ООЦК Кичево „Помогни му на тој што има потреба“*

Во овој проект младите организираат повеќе активности како што е продажба на благи за ден на пролетта, собирна акција на облека, изложба на слики, продажба на маички, чаши, рамки за слики и јастуци кои се дизајнирани од нивна страна преку кои собираат доволно средства за да помогна на 2 семејства така што им ги обезбедуваа потребните лекови, облека и храна, покрај тоа помагат на уште едно семејсто со тоа што им ја плаќаат киријата за нивата која ја работат за да заработат.

Дисеминатор: Арјета Селими

### *ООЦК Кичево “Подај рака, подари љубов”*

Целта на овој тим беше поддршка на една стара жена која живее сама. Младите за да соберат доволно донации организирале работилница за креаирање на ракотворби во соработка со гиманазијата Дрита. Ракотворбите се продаваа и

собрани беа 5.000 мкд со што младите купиле мини шпорет, радио, прибор за јадење, тенџериња, столици и се дуго потребно и неопходно за во кујна.

Дисеминатор: Димитар Крстески

### *ООЦК Кочани „Еко едукација и акција“*

Целта на младите кои го изработувале овој проект беше да ја подигнат еколошката свест на 100 млади од 4 основни училишта кои се на возраст од 10 до 11 години. Тие преку одржување на 4 едукативни работилници од страна на обучени едукатори на тема екологија, им ја посочија важноста на екологијата и преземањето на еколошка акција. За да ги поттикнат обучените млади на еко-акција тие најдоа донации од 70 садници од Министерството за земјоделие и шумарство и самите тие ги засадиле околу споменикот во нивниот град. Покрај тоа тие организираа и акција за чистење на отпад во Гоцева шума и направиле пикник.

Дисеминатор: Биљана Петрова

### *ООЦК Кочани „Со чистење влезови до кров над глава“*

Младите волонтери кои го изработија овој проект имаа за цел да помогнат на едно 6 члено семејство од Кочани на кое му е потребно да се доизгради кровот на куќата. Преку организирање на 6 акции за чистење на влезови во кои самите млади волонтери ги чистат влезовите на граѓаните и барање на донации од фирми, тие успеваат да соберат 21.040 денари и материјали за да ја започнат изградбата на кровот, а покрај тоа успеваат и да обезбедат некои основни работи за грижа на малото бебе во социјално загрозеното семејство.

Дисеминатор: Биљана Петрова

### *ООЦК Кочани „Со забава и песни до среден дом“*

Овој проект имаше за цел да ги подобри основните услови за живот на едно 7 члено семејство, преку поставување на ламинат, белење на ѕидовите, промена на скршениот прозорец и дезинсекција на просторот. За да ја остварат својата цел младинците организираат првоаприлска хуманитарна забава преку која собираат 12 000 денари со кои потоа го набавиле и поставиле ламинатот, сами ги избелиле ѕидовите и обезбедиле еден хигиенски пакет за семејството. Покрај купените работи за да му помогнат на

семејството и за останатите потреби тие обезбедија донација на прозорец кој го заменија со скршениот. Како финале на нивниот проект тие обезбедија автобуски карти со кои го однесоа семејството на еднодневна фамилијарна екскурзија до Струмица.

Дисеминатор: Биљана Петрова

### ООЦК Кочани „Со хуманост до нов почеток"

Младите кои го изработувале овој проект како корисник имаа едно социјално загрозено лице на кое му помогнаа така што му наместија ламинат и кревет за спиење. За да го обезбедат тоа младите бараа донации и така го донираа креветот на загрозеното лице, додека преку организација на хуманитарен турнир во билијард и турнир во ракомет помеѓу наставниците и учениците тие успеаа да соберат доволно пари за да ги купат сите потребни материјали за местење на ламинатот и да го платат мајсторот.

Дисеминатор: Биљана Петрова

### ООЦК Кочани „Заедно до училишна атмосфера без булинг"

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се подигне свeта за врсничкото насилство меѓу учениците од VI до IX одделение во 4 основни училишта во Кочани. Тие организираат по 2 работилници во секое училиште, прават анкетен прашалник за да дознаат повеќе информации за булингот, организираат продажна ликовна изложба преку која собираат пари за да платат водач за организирање на форум театар, кој потоа го органзиираат како финален настан од нивните работилници.

Дисеминатор: Биљана Петрова

### ООЦК Кочани „Со микрофон во рака – домот го обновуваме без мака"

Младите кои го изработуваа проектов организраа Талент шоу во нивниот град преку кое собраа доволно средства за да помогнат на едно петчлено социјално загрозено семејство чиј дом е во многу лоши услови за живеење. Со парите од тален шоуто тие успеваат да направат дренажа против влага, да постават ламинат и да ја бојадисаат куќата.

Дисеминатор: Биљана Петрова

### *ООЦК Кочани „Измами вистинска насмевка на нивните лица“*

Младите кои го изработувале овој проект сакале да му помогнаат на едно семејство од нивниот град чије дете боледува од церебрална парализа. Реализирале спортки активности и имале собирни акции. Собрале 7.060 денари кои ги нанемиле за купување на столче за хранење за 5 годишно девојче а остаток на парите за терапии кои мора редовно да ги прима.

Дисеминатор: Биљана Петрова

### *ООЦК Крива Паланка „Пружи рака, стопли срце“*

Целта на овој проект беше да се обезбеди градежен материјал за да се изѕидаат двата ѕида на куќата на тричленото семејство Петрушевски. Младинците успеваат да соберат 8 000 денари преку продавање на мартинки и 8-мо мартовски украси и организирање на хуманитарна драма „Малку кавга, многу љубов“. Со собраните средства од активностите тие успеваат да купат 320 цигли, 3 вреќи цемент и 3 вреќи вар кои ги донираат директно на семејството.

Дисеминатор: Петар Ѓошевски

### *ООЦК Крива Паланка “ Светлиот зрак низ темниот облак”*

Целта на ова група беше помош на едно шестчлено семејством родители и 4 деца кои веќе 4 години живееат без струја. Младите организирале натпревар „Игри без граници” во кои играа традиционални игри. Имаше голема посетеност и младите собрале 3.430 денари, но тие средства не беа доволни за реализација на нивниот проект. Од таа причина младите од овој проект се здружија со други младинци од нивниот град за да може да се заврши целиот проект.

Дисеминатор: Петар Ѓошевски

### *ООЦК Крива Паланка “ Со мало внимание до голема насмевка”*

И ова група се придружи на првата група од Крива Паланка за помош на едно шестчлено семејство- родители и 4 деца кои веќе 4 години живееат без струја. Младите организирале театарска претстава која многу ја промовирале и имало голема посетенот од страна на наивните сограѓани. Младите собрале 2.309

денари и тие средства се дадени на младите од првата група за да може да се приклучи струја на шестчлено семејство.

Дисеминатор: Петар Ѓошевски

### *ООЦК Крива Паланка “ Подај рака, пружи живот”*

И ова група се придружи на првата група од Крива Паланка за помош на едно шестчлено семејство- родители и 4 деца кои веќе 4 години живееат без струја. Младите организирале креативни работилници по повод 8-ми Март и изработувале честитки кои понатаму ги продавале. Исто така оваа група оргинизираше натпревар по фудбал и се наплаќаше котизација. Младите собрале 3. 222 денари и тие средства се дадени на младите од првата група за да може да се приклучи струја на шестчлено семејство.

Дисеминатор: Петар Ѓошевски

### *ООЦК Крива Паланка “ Токму ти си нечија причина за насмевка”*

И оваа група се придружи на првата група од Крива Паланка за помош на едно шестчлено семејство- родители и 4 деца кои веќе 4 години живееат без струја. Младите организирале хуманитарен концерт на кои настапиле голем број на фолклорно уметнички друштва, но и продажба на велигденски јајца за кои младите организирале креативни работилници на кои истите беа украсувани. Со двете активности младите собрале 9.466 денари и тие средства се дадени на младите од првата група за да може да се приклучи струја на шестчлено семејство. Средствата од сите 4 групи беа доволни за да се приклучи струјата за да може семејството да продолжи да живее во светлина.

Дисеминатор: Петар Ѓошевски

### *ООЦК Крушево „Една тура еко-култура“*

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да го исчистат градот Крушево и неговата околина од отпадоци расфрлани по улиците и зелените површини, како и подигање на еко-свеста на населението. Младите успеваат да исчистат 5 локации во Крушево во кои вклучиле и 30 граѓани доброволци за период од 5 дена. Во текот на проектот тие ја подигнаа свеста кај голем број

жители, најмногу кај учениците од основното и средното училиште и подготвија видео материјал кој потоа ќе се користи на часовите на еколошката секција во училиштата. Младинците покрај видеото изработија и флаер со еко пораки и покренаа две иницијативи во општина Крушево, едната е почесто празнење на контејнерите од страна на ЈП Комунална хигиена, кое општината веќе им го прифати и се спроведува, додека другата инцијатива е за поставување на контејнерит на уште 2 локации во градот, но тоа барање на крајот од проектот се уште беше во фаза на разгледување од страна на службите во општината.

Дисеминатор: Ирена Блажевска

### *ООЦК Крушево „Една култура во една одаја“*

Целта на младите кои го изработувале овој проект беше да ја промовираат Влашката култура во Крушево. За да го реализираат тоа тие разговарале со 2 наставници по Влашки јазик кои им помогнаа да одржат 2 предавања на влашки, направија брошура на влашки, мини прирачник и завршна презентација во домот на културата за Влашката култура на која имаше различни елементи прикажани од културата.

Дисеминатор: Ирена Блажевска

### *ООЦК Крушево „Подобро крпен отколку мизерен живот“*

Целта на овој проект беше да се помогне на самохрана мајка од албанска националност со 2 деца, која нема македонско државјанство и по смртта на сопругот не може да се снајде соодветно за да може да ги издржува своите деца. Младите покренуваат постапка за државјанство заедно со центарот за социјална работа во Крушево и поттикнуваат да се одобрат 10 000 денари од советот на локалната самоуправа во Крушево за да и се помогне на мајката. Покрај тоа тие обезбедуваат и пакети со храна и хигиена кои ги купуваат од собраните средства преку продажните акции на мартинки и велгденски јајца на локалниот пазар.

Дисеминатор: Ирена Блажевска

### *ООЦК Куманово „Да ја вратиме насмевката на семејството Мифтари“*

Младите кои го изработуваа овој проект решија да помогнат на семејството Мифтари така што ќе обезбедат вработување на еден од членовите на

семејството. Преку посредништво, со помош на луѓето од нивната околина тие успеваат да најдат вработување на синот во компанијата Хоџа.

Дисеминатор: Ситриме Зекири

### *ООЦК Куманово „Спортуваме без повреди“*

Целта на проектот беше да се опремат основните и средните училишта во Куманово со сандачиња за прва помош. За да ги опремат училиштата тие организираат продажба на честитки за 8 март – денот на жената и со таа активност успеваат да соберат доволно средства со кои купуваат 7 сандачиња за седумте основни училишта и 4 сандачиња за средните училишта, во секое по едно. Покрај тоа тие прават дообука за прва помош на 30 наставници по спорт и спортски активности.

Дисеминатор: Никола Милановски

### *ООЦК Куманово „Работи на својот сон, еден ден ќе се реализира“*

Волнотерите кои го прават овој проект прават продажна акција на пуканки и на цртежи направени од самите нив со цел да помогна на едно 12 годишно момче кое вежба карате за да може да оди на натпревар. Со парите собрани од акциите тие купуваат спортска опрема за карате, карате кимоно, ракавици и појас со кои детето оди да се натпреварува и успева да освои прво место.

Дисеминатор: Ситриме Зекири

### *ООЦК Куманово „Мало внимание, голем чин“*

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се подобри финансиската состојба на едно социјално загорзено семејство барем на одреден период. Тие за да го реализираат тоа организираат хуманитарна претстава „Приказна за една идеја“ која има 1 280 посетители, а дополнително организираат и собирна акција во нивниот град. Со тоа тие собираат 64 000 денари од кои со 14 000 денари го плаќаат заостанатиот долг за електрична енергија на семејството, додека останатите пари им ги префрлаат на трансакциска за да ги користат за потребите во наредниот период.

Дисеминатор: Никола Милановски

### *ООЦК Куманово „За некој што дарува не е ништо, но за тие што примаат помош значи многу“*

Младите во овој проект сакаа да помогнат на едно социјално загрозено седумчлено семејство каде што на таткото му е повреден ‘рбетот и поради тоа не може да работи.  Реализираат 2 активности, собирна акција од куќа на куќа и  приказ на хуманитарна театарска претстава со кои собираат 20 000 денари и успеваат да обезбедат ламинат кој го поставуваат во куќата, го варосуваат делот од куќата каде што престојуваат и монтираат основни кујнски елементи за семејството.

Дисеминатор: Ситриме Зекири

### *ООЦК Куманово „Заедно живееме и учиме“*

Волонтерите кои го правеа овој проект сакаа да делуваат на проблемот што волонтерите од нивниот клуб кои се од албанска и македонска националност не се разбираат меѓусебе поради јазичната бариера и не можат да работат сплотено. За да го решат проблемот почнуваат да органзиираат работилници за албански и работилници за македонски јазик, кои ги водат самите волонтерите едни на други. Тие во текот на проектот одржуваат вкупно 32 работилници, од кои 16 на албански и 16 на макеоднки јазик. Практиката на одржување на работилниците им продолжува понатаму редовно во клубот на млади.

Дисеминатор: Ситриме Зекири-Никола Милановски

### *ООЦК Куманово „Некогаш мали нешта исполнуваат големи потреби“*

Со цел подобрување на изгледот на училишниот двор на техничкото училиште младите волонтери кои го изработуваат овој проект организираат и реализираат хуманитарна забава и продажба на ракотворби преку кои собираат пари и со нив поставуваат фонтани за питка вода во дворот, го чистат дворот, прават клупи за учениците и го украсуваат дворот така што цртаат на ѕидот на училиштето. Нацртаното лого на ЦКА-ПХВ програмата и напишаниот текст се инспирација за соживот и интеркултура меѓу учениците во училиштето.

Дисеминатор:Ситриме Зекири

## *ООЦК Неготино „Да измамиш насмевка не е лесно“*

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да им ги збогатат едукативните содржини на 10 деца со посебни потреби од ОУ „Страшо Пинџур“ во Неготино. За да го остварат тоа тие организираат 11 еукативни и кретивни работилници со децата во самото училиште.

Дисеминатор: Ивица Јуришиќ

## *ООЦК Неготино „Биди хуман, дарувај!“*

Целта на овој проект беше да се подорбрат нарушените услови за живот на едно 8 члено семејство кое поради тоа што куќата им е руинирана поради невреме тие живеат одвоено во куќите на нивните пријатели. Преку организирање на продажна акција на цвеќиња по повод 8 март, продажна ликовна изложба и хуманитарен турнир во мал фудбал, младите успеваат да ја реализираат својата зададена цел да му поомгнат на семејството така што обезбедуваат лекови за болен член на семејството, а покрај тоа обезбедуваат и боја, вар и цимент за полусрушената куќа.

Дисеминатор: Ивица Јуришиќ

## *ООЦК Неготино „Посакај подобар живот, а ние ќе се потрудиме да го добиеш“*

Целта на овој проект беше да с епомогне на едно загрозено лице од Неготино кое боледува од церебрална парализа, односно да му обезбедат средства за терапија и лекови кои треба да се примаат по оперативниот зафат. Младите организираат повеќе активности, осмомартовски базар, велигденски базар и велигденска забава и успеваат да обезбедат за лицето лекови кои треба да ги користи после операцијата.

Дисеминатор: Ивица Јуришиќ

## *ООЦК Неготино „Хуманоста како најважна човечка особина“*

Оваа група имаше за цел да помгне на едно загрозено семејство со 9 членови. Тие преку правење и продажба на колачи, хуманитарна забава под маски и проекција на анимиран филм обезбедуваат средства за да му донираат на

семејството пакети со храна, хигиена и облека, а покрај тоа ја менуваат и вратата во куќата на семејството.

Дисеминатор: Ивица Јуришиќ

### *ООЦК Охрид „Инструмент“*

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше едно девојче со самохран татко со мали примања да може да го продолжи своето музичко образовани. Тие организираат повеќе собирни акции и Велигденски базар со рачни изработки и преку овие активности тие успеваат да купат флејта на девојчето, енциклопедија, папки и сликовници.

Дисеминатор: Ивана Лилиќ

### *ООЦК Охрид „Сон“*

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да помогнат на едно социјално загрозено семејство поточно на децата од семејството. Тие органзиираат неколку активности како што е продажба на боенка и собирни акции за да соберат пари, но покрај тоа органзиираат и работилници во кои го вклучуваат Елвир, дете од семејството на кое му е дијагностицирана тешка болест, за да му дадат емоцинална поддршка. Со собраните пари тие ги донирале за трошоците за прегледите во Скопје, облека и обувки, а покрај тоа на останатите деца во семејството им обезбедиле бесплатен преглед и поправка на забите кај еден стоматолог во Охрид.

Дисеминатор: Ивана Лилиќ

### *ООЦК Охрид „Роденден“*

Целта на овој проект беше да се помогне на една самохрана мајка и нејзиниот син. За таа цел младите организираат низа на активности: два хуманитарни турнири во мал фудбал, собирна акција на пластични шишиња, продажба на честитки за 8 март и дополнително барале донации од локални фирми. Бидејќи малото дете во голема мера било социјално изолирано поради болеста на мајка му (мултиплекс склероза) и никогаш не прославувало роденден тие организирале голема роденденска забава во игротека со кловн, а роденденската торта сами ја подготвиле. Со дел од собраните

средства тие купиле нова облека за детето за неговиот роденден, покрај тоа на роденденот детето добило голем број на подароци од присутните, како и велодипед како подарок од Црвен крст. Волонтерите покрај сево ова го однесоа детето неколку пати на заболекар бидејќи никогаш немал преглед. За да ја поддржат неговата социјализација тие го запишуваат на активноста Story hour каде секој четврток се дружи и учи англиски. Со преостанатите средства од активностите тие набавиле бојлер за семејството.

Дисеминатор: Ивана Лилиќ

## *ООЦК Охрид „Доброљубие“*

Во овој проект младите обезбедуваат клима уред за центарот за лица со посебни потреби „Доброљубие“, но нивната поважна цел беше да се овозможи инклузија на корисниците на центарот. Тие напорно работат на тоа да ги активираат и вклучат корисниците во сите нивни активности особено што ги вклучуваат заедно со нив на креативните работилници и продажните акции за собирање на парите за да се купи клима уредот.

Дисеминатор: Ивана Лилиќ

## *ООЦК Охрид „Допир“*

Целта на овој проект беше да се намалат стереотипите кон лицата со оштетен вид и одржување на едукативни работилници за овие лица. За да ја остварат својата цел тие реализираат акција за 8-ми март, продавале чоколадни срциња, а со собраните средства од акцијата како и со добиени донации тие прават излет на кој е обезбедено јадење, прават едукативни предавања за прва помош и организираат игри приспособени за лицата со оштетен вид. Покрај тоа тие организираат и натпревар со друштвени игри адаптирани за лица со оштетен вид и директно вклучуваат и други млади лица во игрите.

Дисеминатор: Ивана Лилиќ

## *ООЦК Охрид „Патување“*

Целта на овој проект беше да се плати повеќедневната екскурзија на 10 годишно социјално загрозено детенце. За да ги соберат потребните средства тие

спроведуваат повеќе активности како што е креативна работилница за глинени фигури кои потоа ги продаваат за да се работи со нив на часовите по ликовно во училиштата, организираат поетско читање на отворено наменето за сите случајни минувачи и организираат летање на змејови. Пркеу овие активности младите не само што ја плаќаат екскурзијата на детето туку успеваат да му купат и пижами и долен веш за на екскурзијата.

Дисеминатор: Ивана Лилиќ

### *ООЦК Охрид „Насмевка“*

Целта на овој проект беше да се обезбедат кревети на браќата Мартин и Даниел со цел тие да имаат мирен и удобен сон. Со таа замисла групата по пат на спонзорства успева да ги обезбеди креветите и да ги донира на семејството. Покрај тоа тие имаат и креативна работилница за Велигденски топки и зајчиња со кои ја разубавуваат собата на децата, но и се дружат со дечињата на една прошетка на која играат и фудбал.

Дисеминатор: Ивана Лилиќ

### *ООЦК Охрид „Мелодија“*

Младите од овој проект сакаа да помогнат на една самохрана мајка така што ќе и обезбедат машина за перење алишта и виолина за нејзиниот син. Поради смртта на сопругот мајката останува на минимални месечни примања поради што синот е принуден да го напушти музичкото училиште поради тоа што нема виолина. За да им помогнат тие изработуваат и продаваат ПХВ боенки кои ги продаваат низ целиот град и организираат хуманитарен концерт „Во потрага по изгубените насмевки“ кој е посетен од 650 луѓе и собират 42.050 денари. Преку реализација на овие активности тие и обезбедуваат на мајката машина за перење алишта, купуваат виолина за младото момче, сталак за ноти и училишен прибор.

Дисеминатор: Ивана Лилиќ

### *ООЦК Прилеп „Од иницијатива до реализација“*

Младите волонтери од овој проект имаа за цел да обезбедат прехрамбени

продукти, облека и хигиенски средства за подолг временски период за едно седумчлено ромско семејство од Прилеп. Тие успаваат да ги обезбедат потребните работи преку повеќе донации така што ги анимираат фирмите од нивниот град.

Дисеминатор: Елена Мирчевска

### *ООЦК Прилеп „Велигденска среќа во очите на дедо Милан“*

Целта во овој проект беше да се помогне на 63 годишниот дедо Милан кој веќе подолго време нема работа ниту соодветни месечни примања. Тие преку донации успеваат да обезбедат храна, облека, обувки и телевизор за кои дедото мечтаел веќе 12 години.

Дисеминатор: Елена Мирчевска

### *ООЦК Прилеп „Прими топка-додај хуманост“*

Целта на проектот беше да се помогне на еден самохран татко со срцеви проблеми и син кој на секои 2 дена треба да оди на хемодијализа во Прилеп. За да им помогнат младите организираат турнир во одбојка во кој учество земаат ученици од повеќе средни училишта во градот. Со собраните парични средства тие обезбедуваат кревет и велосипед за семејството, покрај тоа преку донации тие обезбедуваат и маса, столици, биро, лажици и чинии кои претходно ги немало во домот на корисниците.

Дисеминатор: Елена Мирчевска

### *ООЦК Прилеп „Зарем исто сонце не не грее сите“*

Младите во овој проект организираат собирна акција на која делат мартинки и успеваат да обезбедат донации од локалните фирми со што обезбедуваат 75 блокови, песок, прозорец и прехранбени производи за едно петчлено семејство од Прилеп. Со тоа тие ги обезбедуваат основните потреби на семејсвото и барем малку им ја ублажуваат тешката состојба во која се наоѓаат.

Дисеминатор: Елена Мирчевска

### *ООЦК Прилеп „Со хумани дела до полни срца“*

Целта на овој проект беше да се ублажи тешката состојба на семејството Шамбески. Тие организираат повеќе активности меѓу кои: изработка и продажба на честитки за 8-ми март со корисниците на центарот „Порака“, организација на хуманитарна театарска претстава „Луда куќа“, хуманитарен турнир во мал фудбал со учениците од ОУ„Гоце Делчев“ и хуманитарна трка. Со собраните средства, 29.750 денари тие успеваат да обезбедат шпорет на дрва, електричен шпорет, мијалник за работна масичка, висачки елементи и сите потребни работи за да се комплетира школскиот прибор на децата од семејството.

Дисеминатор: Елена Мирчевска

### *ООЦК Прилеп „Наша хуманост, нивна среќа“*

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да помогнат на едно сиромашно семејство од Прилеп. Преку организација на продажна акција на честитки за 8-ми март и донации од бутици и книжари тие успеваат да обезбедат пакет со храна, средства за хигиена и училишен прибор за децата. Покрај тоа, тие купуваат и алишта за интервјуто на таткото во фирмата „Ламинат“ кое го обезбедуваат тие самите, но за жал поради смрт на бабата, тој не можел да отиде и да проба да си ја обезбеди работата.

Дисеминатор: Елена Мирчевска

### *ООЦК Прилеп „Постигни гол, подари насмевка“*

Целта во овој проект беше да се помогне на самохраната мајка Барда и нејзините деца така што ќе им се реновира купатилото кое е руинирано и во нехигиенски услови. Преку организација на хуманитарен турнир во фудбал тие успеваат да соберат 11.200 денари со кои ги купаат сите потребни материјали, но покрај тоа обезбедуваат и мајстор кој ќе го реновира купатилото без да им наплати.

Дисеминатор: Елена Мирчевска

### *ООЦК Пробиштип „Биди хуман, спаси живот“*

Целта на овој проект била да се соберат колку е можно повеќе парични средства за помош на Анета за лекување во странство. Преку организација

на хуманитарен велигденски хепенинг на кој волонтерите од овој проект ги вклучиле учениците од ООУ „Никола Карев“ да ги украсат креативно јајцата кои потоа се продавале на хепенингот.

Дисеминатор: Сара Милојчевска

### *ООЦК Пробиштип „Dress to impress“*

Целта на овој проект беше да се помогне да се соберат финансиски средства преку органзирање на турнир во одбојка, за да се купи облека за полуматурска вечер на едно 15 годишно девојче од Пробиштип кое потекнува од социјално загрозено семејство. Организацијата на турнирот во одбојка им поминува успешно и успеваат да купат фустан, чевли, сако и фармерки за девојчето.

Дисеминатор: Сара Милојчевска

### *ООЦК Пробиштип „Втора шанса“*

Целта на овој проект беше да се соберат што повеќе средства за да може 35 годишната А. И. која има 99% намалена видливост да оди на операција во Русија. На крајот од нивниот проект тие префрлаат 32 520 денари на сметката на девојка, кои ги обезбедуваат преку организација на хуманитарен турнир во фудбал и хуманитарна забава во клубот „COOL“.

Дисеминатор: Сара Милојчевска

### *ООЦК Пробиштип “Достоинство”*

Младите од овој проект им помогнаа на трочлено семејство од нивниот град, односно на самохрана мајка со две деца, од кое едното дете е со хендикеп. Беше организиран хуманитарен фудбалски турнир преку кој беа собрани средства за реализирање на проектот. Од Водовод бесплатно беше инасталирана водоводна мрежа бидејќи семејството живееше без вода во својот дом, а еден мајстор столар ја изработи кујната за семејството по поволна цена.

Дисеминатор: Сара Милојчевска

### *ООЦК Радовиш „Собирање донација за на чичко Васе операцијата“*

Целта на младите кои го изработувале овој проект беше да се обезбедат финансиски средства за едно лице кое има проблеми со ‘рбетот. Младите организираат собирна акција со која успеваат да соберат 12 000 денари и дел од средствата да ги уплатат на сметката на загрозеното лице, додека со останатите средства му купуваат пакети со храна и хигиена.

Дисеминатор: Александра Сандева

### *ООЦК Радовиш „Хуманитарно срце сплотува“*

Младите од овој проект успеваат да обезбедат кревет, трпезариска маса, столици, облека и храна за седумчлено социјално загорзено семејство од с.Ињево. Тие успеваат да ги донираат сите овие работи на семејството така што организираат низа на активности како што се: натпревар во пинг-понг, организација на игри без граници, претстава на студио за модерен балет, литературно читање и организација на повеќе претстави во околните села. Со ова тие барем малку ја ублажуваат незавидната состојба на ова семејство.

Дисеминатор: Александра Сандева

### *ООЦК Радовиш „Учиме заедно“*

Во овој проект младите решаваат да ги шират позитивните примери на интеркултурно живеење помеѓу различните етнички групи во нивниот град. Тие со помош на својот професор по турски јазик и нивните соученици турци, инцираат и започнуваат да одржуваат часови по турски јазик. Во текот на проектот тие успеваат да одржат само 2 часа, но потоа продолжуваат со добрата практика.

Дисеминатор: Александра Сандева

### *ООЦК Радовиш „Многу малку за некој е се“*

Младите кои го изработуваа овој проект успеаа да изградат соба на горниот дел од куќата на едно социјално загрозено лице кое кое имаа болест на ‘рбетниот столб и поради тоа тешко се движи. Преку разновидни активности во нивниот град тие ја анимираат целата заедница и успеваат да му помогнат на лицето

да се смести во горната соба од каде што сега ќе може слободно за излегува надвор самостојно.Преку организирање на тетатарска претстава “ Радовишки патрди” успеват да соберат 29.055 денари со кои купуват блокови, панели за кров, цемент, керамиди, прозорци, врати.

Дисеминатор: Александра Сандева

### *ООЦК Радовиш „Едно дело, илјада зборови и милион насмевки“*

Целта на овој проект беше да се помогне на 8 члено семејство кое живее во една соба. Младите преку организација на собирни акции, хуманитарен хепенинг и хуманитарен концерт во нивниот град успеваат да соберат 23.238 денари, средства кои ги насочуваат за да приспособат двете соби за да може семејството да има поголем комфор. Покрај тоа успеваат да наместат плочки во кујната и купатилото во претходно недоуредена куќа. Со ова младите успеваат на еден благороден начин да ги подобрат животните услови на ова семејство долгорочно.

Дисеминатор: Александра Сандева

### *ООЦК Ресен „Помогни на некој, тоа не го прави секој“*

Целта на младите од овој проект беше да помогнат на социјално загрозеното семејство од Ресен кое нема можност да ги задоволи потребите на своите деца. Тие увидуваат дека девојчето Арифе од семејството има многу слаби оценки по математика, македонски и англиски јазик и решаваат да и помогнат на нејзе така што ќе одржуваат дополнителни часови за да го подбри нејзиниот успех се до крајот на учебната година.

Дисеминатор: Себехат Шемшединовска

### *ООЦК Ресен „Мала помош, голема среќа“*

Целта на проектот беше да се обезбеди облека, ќебиња и постелнина на 5 члено ромско семејство. За да им помогнат младите најпрво организираат собирна акција за облека во нивното училиште, а потоа организираат собирана акција во центарот на Ресен. Со овие две акции тие им обезбедуваат на семејството постелнина, ќебиња и облека.

Дисеминатор: Себехат Шемшединовска

### *ООЦК Ресен „Едно добро дело, спас за сите нас“*

Младите кои го изработуваат овој проект решаваат да помогнат на една малку поинаква целна група, противпожарата станица во Ресен. Тие увиделе дека има недостаток на метални четки во станицата и преку организирање на хуманитарна забава во еден од локалните кафулиња собираат довлно средства за да обезбедат 4 метални четки кои им потребни на пожарникарите за гаснење на пожар во шумите и пасиштата.

Дисеминатор: Себехат Шемшединовска

### *ООЦК Ресен „И најдолгиот пат започнува со првиот чекор“*

Целта на проектот беше да се разбуди јавното мислење со цел да се помогне на повеќе лица кои имаат потреба од помош преку пружање на помош на С. К. од Ресен. Младите успеваат да обезбедат спонзори за проектот, преку што анимираат многу локални фирми, ги вклучуваат соседите и со нивните пријатели тие го санираат подот во неговата куќа, со што се подобрија неговите животни услови. Преку овој проект младите успешно ја шират пораката на хуманоста во нивниот град.

Дисеминатор: Себехат Шемшединовска

### *ООЦК Ресен „Со труд до безбедност“*

Целта на овој проект беше да се обезбедат материјали за прва помош и брза интервенција при можни повреди кои се се почести во училиштата за време на одморите и часовите по физичко образование. Преку различни донации тие успеваат да донираат целосно опремени кутии за прва помош во 3 основни училишта во Ресен и една градинка.

Дисеминатор: Себехат Шемшединовска

### *ООЦК Свети Николе „Помагајќи им на другите си помагаме сами на себе“*

Целта на волонтерите кои го изработуваа овој проект беше да обезбедат телевизор за средното училиште „Кочо Рацин“ преку кој ќе се овозможи анимирана настава во училиштето. За да го обезбедат телевизорот тие организираат собирни акции на повеќе локации во нивниот град.

Дисеминатор: Сунчица Здравкова

### *ООЦК Свети Николе „Еднаквоста пред се“*

Целта на овој проект беше да се помогне на еден соученик со посебни потреби кој учи во училиштето на младите кои го изработуваа проектот. За да ја оставарт целта, тие организираат низа собирни акции во својата заедница и со собраните средства од акциите тие печатат маичка за нивниот соученик со неговиот идол Перо Антиќ, купуваат кошаркарска топка, како и тетратки бидејќи дознаваат дека тој сака многу да пишува и да води дневник. Подготвените подароци младите му ги даваат на училиште на соученикот и така му го разубавуваат денот.

Дисеминатор: Сунчица Здравкова

### *ООЦК Свети Николе „Ти можеш да бидеш промената на светот“*

Целта на овој проект беше да се креира место за дружба во рамките на училишниот двор. За да ја остварат младите поставуваат дрвени масички и клупи во дел од дворот, покрај тоа поставуваат и слики низ ходниците во училиштето. Средствата за реализација на нивниот проект ги обезбедуваат преку повеќе собирни акции во нивниот град.

Дисеминатор: Сунчица Здравкова

### *ООЦК Свети Николе „Со хигиена до здравје“*

Младите од овој проект реализирале неколку собирни акции во кои беа собрани хигиенски средства кои беа наменети со неколку семејство во с. Кадрифаково. Младите покрај донации одржале и неколку работилници за промоција на хигената, здравјето и превенција за ширење на заразни болести.

Дисеминатор: Сунчица Здравкова

### *ООЦК Свети Николе „Да му помогнеме на болниот другар“*

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да помогнат на С.Н. кој боледува од леукемија на коскена срж и итно мора да прави операција и да се лекува во Турција. Тие успеваат да соберат 44 000 денари преку организација на повеќе собирни акции во средните и основните училишта и ги уплаќаат на сметката за да може успешно да го оствари своето лекување.

Дисеминатор: Сунчица Здравкова

### *ООЦК Свети Николе „Отворено срце“*

Целта на овој проект беше да се направи поголема социјализација на децата од Центарот за лица со посебни потреби. За да го направат тоа, тие организираат собирна акција во основното училиште на која собираат средства кои потоа ги наменуваат за организирање на пикник и роденденска забава.

Дисеминатор: Сунчица Здравкова

### *ООЦК Свети Николе „Раката што дава - не се суши“*

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да се обебзедат храна и облека, како и основни хигиенски услови на неколку семејства од регионот околу Св. Николе. Тие организираат собирни акции на 5 различни локации во градот со што успеваат да соберат 10 000 денари и да обезбедат пакети со помош на 9 различни семејства.

Дисеминатор: Сунчица Здравкова

### *ООЦК Свети Николе „Хуманоста го збогатува духот – подари од срце“*

Целта на проектот беше да се помогне на семејство Наневи за финансирање на лекување на нивниот болен син. Младите преку изработување на уметнички творби и продажба на истите во Домот на културата и организирање на посебна училишна изложба, собираат парични средтсва кои потоа ги префрлаат на семејството за да можат барем малку да ги покријат нивните трошоци.

Дисеминатор: Сунчица Здравкова

### *ООЦК Струга „Подари рака, тргни нечија мака“*

Целта на овој проект беше да се обезбедат средства за набавка на трпезариска маса, комода за телевизор, ниска маса, подни и ѕидни плочки и материјали за изработка на кујна, мијалник и тепих за 7 члено социјално загрозено семејство. Преку реализација на повеќе собирни акции и изработка и продажба на честитки за 8-ми март, младите собираат 20 580 денари со кои купуваат дел од потребните работи додека останатиот дел го обезбедуваат преку донации од локални фирми.

Дисеминатор:Марија Уцман

### *ООЦК Струга „Интеркултурна традиција“*

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да ја промовираат мултикултурата така што организираат работилници за вкупно 180 ученици од 2 основни училишта во Струга на тема мултикултура и меѓусебно разбирање.

Дисеминатор: Марија Уцман-Егзона Муртезаи

### *ООЦК Струга „Еден цртеж, милион пријателства“*

Младите кои го изработуваат овој проект организираа собирна акција преку која собраа пари за да купат поликолор и боја кои потоа ги искористија за да го украсат ѕидот пред влезот на Општинската организација на Црвен крст – Струга, преку што ги промовираа хуманите принципи на Црвениот крст.

Дисеминатор: Марија Уцман-Егзона Муртезаи

### *ООЦК Струга „За детство без солзи и игри долги“*

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да ја анимираат целата нивна заедница и да ги подобрат условите за живот на 11 члено загрозено семејство така што ќе им го реновираат домот. Тие организираат најразлични активности: акција за собирање на храна и парични средства, ација за обезбедување на училишен прибор, хуманитарен турнир во фудбал и 3 часовен хуманитарен концерт. Во текот на сите овие активности тие ги активираат локалните и националните медиуми, покрај тоа ги активираат и фирмите кои им помагаат со најразлични материјали за реновирање на куќата. После сета таа кампања за активизам и граѓанска и корпоративна одговорност младите собрале 50.000 денари и градат нова соба во куќата, поствуваат ламинат, доградуваат тоалет, поставуваат ограда на незаштитениот балкон, донираат мебел и кујни апарати на семејството и ги поттикнуваат ЕВН да им ја приклучи струјата повторно.

Дисеминатор: Марија Уцман

### *ООЦК Струга „Револуција од насмевки“*

Целта на овој проект беше да се помогне на едно семејство чија куќа била опожарена така што ќе им обезбедат нова машина за перење алишта, затоа

што старата им била оштетена во пожарот. Младите за да ја остварат својата цел организираат низа собирни акции во градот преку кои собираат доволно пари за да ја купат машината и да им донираат пакети со храна, хигиена и облека на семејството.

Дисеминатор: Марија Уцман

## ***ООЦК Струга „Мала помош за голема насмевка"***

Целта на овој проект беше да се помогне на трочленото семејство Наумовски чија куќа изгорела во пожар. За да им помогнат тие поставуваат кутии за донации во 3 локални маркети и 3 кафулиња во времетраење од 15 дена, покрај тоа организираат и хуманитарна трка во нивниот град на која се пријавуваат 70 учесници. Преку овие активности тие успеваат да соберат доволно пари за да им обезбедат железо, цемент и кабли за електрична инсталација кои ги донираат на семејството за да можат да си го возобноват својот дом.

Дисеминатор: Марија Уцман

## ***ООЦК Струга „Мислете и на нас"***

Младите преку организација на хуманитарна забава и настан за промовирање на културата,  собираат парични средства за да ја оставарат нивната замислена цел во проектот и да помогнат на едно социјално загрозено семејство кое спие на подот во нивната куќа која е во руинирана состојба. Бидејќи подот не бил покриен со ништо освен бетон, младите со собраните средства од активностите го покриваат ходникот и двете спални соби со ламинат и ја кречат детската соба. Преку ваквата акција на корисниците на овој проект барем малку им се подобруваат условите за живот.

Дисеминатор: Егзона Муртезаи

## ***ООЦК Струга „Силата е во единството"***

Целта во овој проект беше да се обезбеди работно место барем на еден член од шестчленото социјално загрозено семејство. Младите успеваат да направат состанок со еден работодавец кој му овозможува на Мирди, член на семејството, да работи на пробен период од 6 месеци во фирмата senate.trans. Со тоа тие

успеваат да дадат надеж на семејството дека понатаму ќе се подобрат нивните услови за живот.

Дисеминатор:Егзона Муртезаи

### *ООЦК Струга „Вашиот сон, наша мисија“*

Целта на младите во овој проект беше да си ги разубават просториите во училиштето за да им биде амбиентот за учење поријатен. Тие за да ја оставарт целта организираат собирна акција во селото преку која собираат доволно средства и купуваат бои, четки, ракавици, скалпер и изолир, а потоа самите тие ги бојадисуваат просториите во училиштето.
Дисеминатор: Егзона Муртезаи

### *ООЦК Струга „Заедно да ја разбудиме надежта“*

Преку организација на хуманитарна забава младите кои го изработувале овој проект успеваат да помогнат да продолжи терапијата на една социјално загрозена жена за да може успешно да се справи со нејзината болест.

Дисеминатор: Егзона Муртезаи

### *ООЦК Струга „Малку уметност, малку живот“*

Целта на овој прокет беше да се помогне на едно социјално загрозено семејство кое живее во субстандардни услови така што ќе им донираат пари за да можат постепено да се снајдат во периодот што им следи. Тие на семејството му донираат 10 000 денари кои ги собираат преку органзиација на културен настан кој промовира култура преку настап на културно уметнички друштва, поетско читање, изложба на слики, рецитирања и музички точки.

Дисеминатор: Егзона Муртезаи

### *ООЦК Струмица „Со нас рака подади, некому живот подари“*

Целта на овој проект беше да се обезбедат технички апарати (машина за перење облека, фрижидер и шпорет на дрва) исто така обезбедување на

храна и облека и играчки за најмладите членови на едно социјално загорзено семејство и на еден млад студент кој е во социјален ризик. Преку анимирање на повеќе фирми и маркети низ градот младите успеваат да обезбедат чоколади и материјали за пакување и украсување, кои потоа ги продаваат на 2 акции во градот. Покрај тоа тие организираат и повеќе собирни акции низ селата во околината на Струмица и во едно од училиштата. Со сите тие активности тие успеваат да го обезбедат 29.093 денари, потребни за нивните корисници и да ја надминат нивната цел од обезбедување на најпотребните продукти.

Дисеминатор: Ѓурѓица Илиева

## *ООЦК Струмица „Нека знае мама дека не е сама“*

Младите кои го изработуваа овој проект помогнаа на едно социјално загрозено семејство така што им помогнаа со донирање на кујнски помагала и апарати, поточно обезбедија мини шпорет, пегла, миксер, тава, плех и други помагала. Тие сета таа покуќнина ја обезбедуваат со собраните пари од хуманитараната караоке забава во Струмица.

Дисеминатор: Ѓурѓица Илиева

## *ООЦК Струмица „Да го слушнеме гласот на хуманоста“*

Целта на овој проект беше обезбедување на санитариски елемнти за купатило на едно семејство во ризик во нивниот град. Купени се WC шоља, казанче,лавабо, чешма, бојлер, сет огледало, корпа за отпадоц и и други ситници потребни за опремување на купатилото. Реализирани се неколки настани од кои еден концерт, трка со велосипеди, забава со маски, креативни работилници и беа собрани 14.246 денари со кои се набавени сите потребни нешта.

Дисеминатор: Ѓурѓица Илиева

## *ООЦК Тетово „Помош на социјално загрозено семејство“*

Младите кои го изработуваа овој проект решија да помогнат на едно социјално загрозено семејство со директна парична помош. За да го сторат тоа тие организираат хуманитарен турнир во фудбал преку кој собираат 15 000 денари кои ги донираат на семејството. На тој начин младите барем малку се обидуваат да ја ублажат ситуацијата на нивните корисници.

Дисеминатор: Христина Јосифовска

### *ООЦК Тетово „Рака што дава не се суши“*

Целта на овој проект беше да се обезбеди ендократна парична помош на социјално загрозено семејство на самохран родител. Младите донираат 11 000 денари на таткото, кои ги обезбедуваат преку организација на хуманитарен турнир во кошарка.

Дисеминатор: Христина Јосифовска

### *Црвен крст на град Скопје „Случај Гаража“*

Младите од овој проект успеваат да ја реновираат гаражата во која живее Д. Т.  социјално загрозено лице, односно градат купатило и стават ламинат во импровизираното живелиште на лицето. Тие за да ги обезбедат потребните парични средства организираат хуманитарна забава, продажба на производи на Водно, хуманитарна изложба со цртежи од учениците од средното училиште НОВА и уметникот Живко Цветин и организираат garage sale во Градскиот парк. Со реализација на сите тие активности тие собираат 43 000 денари со кои ја реновираат гаражата на Даут.

Дисеминатор: Александра Давидовиќ

### *Црвен крст на град Скопје „Случај Климент“*

Целта на овој проект беше да се обезбеди финасиска помош на соученик на младите кои го изработуваа проектот, кои потоа ќе бидат искористени за операција на ‘рбетниот столб. Преку организација на креативна работилница за мартинки и продажна акција, Велигденски хепенинг донација од страна на родителскиот совет младите собираат 20 000 денари кои ги донираат на младиот Климент.

Дисеминатор: Александра Давидовиќ

### *Црвен крст на град Скопје „Втора шанса“*

Во овој проект младите организираат хуманитарен турнир во мал фудбал, забава во кафуле и хуманитарна претстава, активности преку кои обезбедуваа средства за да го олеснат животот на петчленото с.емејство Стојаноски чиј татко е лице со оштетен вид, а мајка од албанска националност која не го познава

добро македонскиот јазик. Парите собрани од активностите младите ги користат за да купат македонско – албански речник на мајката и да и ангажираат логопед кој ќе работи со детето.

Дисеминатор: Александра Давидовиќ

### *Црвен крст на град Скопје „Случај градинка“*

Целта на овој проект беше да се помогне на една вдовица и нејзиното мало дете. За да го реализираат зацртаното, младите организираат низа активности: хуманитарна забава, гејмерски натпревар и продажба на Цедевита на Водно преку кои собрале 13.670 денари. Покрај активностите за собирање пари тие организираат активности за дружење со детето: посета во зоолошка, одење во кино, посета на првоаприлска забава при што му донираат и костум за да може да се маскира како и другите деца. Младите исто така имаат состаноци со претставник на Министерство за труд и социјална политика и посредуваат детето да биде запишано во градинка.

Дисеминатор: Александра Давидовиќ

### *Црвен крст на град Скопје “Случај Сонда”*

Целта на проектот е поддршка во финансиски средства за лекување на три годишно дете кое поради испиена киселина има потреба од сонда. Младите преку дневна забава успеале да соберат 3.237 денари со што го потомогнале семејниот буџет каде единствените примања се од пензијата на бабата и додаток за трето дете.

Дисеминатор: Александра Давидовиќ

### *Црвен крст на град Скопје “Враќање во подобар дом”*

Целта на тимот на овој проект е помош на брачен пар заболени од шизофренија, хоспитализирани во психијатриската болница Скопје во село Бардовци, кои не се во можност да се вратат и живеат во својот стан, бидејќи е во ужасна состојба, без никакви услови за живот. Младите организирале дебата во соработка со МОФ во јавна соба каде посетителите имаа можност да донираат средства и театарска претстава “Живееме едни со други-не едни покрај други”. Младите

собрале 5.258 денари од кои се купени бои за молерисување, четки, казанче за тоалет, кревет и е поставен ламинат.

Дисеминатор: Александра Давидовиќ

### *ООЦК Гази Баба „Направи промена, играј за хуманост"*

Целта на овој проект беше да се помогне на едно семејство зафатено од поплавите во Скопје во месец август 2016 година и кое поради природната непогода нема соодветни услови за пристоен живот во нивната куќа, а нема каде да се смести на друго место. Со таа замисла младите организраат 7 собирни акции низ средните и основните училишта во нивната околина, покрај тоа организираат и хуманитарен турнир во кошарка со што успеваат да обезбедат доволно средства за на семејството да му обезбедат материјали за да си го санира подот во оштетената куќа.

Дисеминатор: Филип Ивковски

### *ООЦК Гази Баба „Нови темели, нова надеж"*

Младите кои го изработуваа овој проект помогнаа на едно социјално загрозено семејство за да се изгради нов дел од куќата со кој ќе се подобрат условите за живот на семејството. Тие преку организација на собирни акции собираат парични средства со кои успеваат да обезбедат градежни материјали и да ја платат работната рака за да може да се изгради дополнителниот дел од куќата.

Дисеминатор: Филип Ивковски

### *ООЦК Гази Баба „Гласот на тишината"*

Целта на овој проект беше да се изгради соодветен објект за социјализација и рекреација во дворот на ДУЦОР „Партение Зографски" во Скопје. За да ја реализираат целта тие обезбедуваат донации од фирми кои им ги даваат потребите материјали за изградба, но покрај тоа организираат две работилници на знаковен јазик за учениците од прва и втора година од СУГС „Панче Арсовски".

Дисеминатор: Филип Ивковски

### *ООЦК Гази Баба „Фото Слепило“*

Преку овој проект е направена фото изложба од фотографии кои беа фотографирани на територија на општина Гази баба кои младите сметаат дека не се добри и дека треба да се променат. Родителите и граѓаните кои ја посетија изложбата “ Во какво општество сакате да живеат вашите деца” која беше организирана во ОУ “ Вера Јоциќ” имаа можност да дадат свој допринос преку давање на идеи и решенија кои треба да се постигнат.

Дисеминатор: Филип Ивковски

### *ООЦК Карпош „За заедничка, подобра иднина“*

Целта на младите кои го изработија овој проект беше да се подобри и олесни престојот на мигрантите кои транзитираат низ нашата земја на потегот с. Лојане и с. Ваксинце. За да го направат тоа тие организираат продажен штанд на рачни изработики во Веро Тафталице, организирање на магионичарска хуманитарна претстава во едно основно училиште, хуманитарен концерт во АРМ, хуманитарна забава во клуб-ресторан МКЦ, првоаприлски продажен штанд и организација на собирна акција за играчки и облека. Преку сите тие активности тие успеваат да соберат 29 805 денарипреку кои обезбедуваат и донираат 30 различни производи за забава, хигиена, храна, вреќи со облека, дестки играчки, обувки, маси, столици, лизгалки, хранилки за бебиња и други потребни производи за центарот во с. Лојане.

Дисеминатор: Александра Михајловска

### *ООЦК Карпош „Заеднички да вдахнеме боја во светот на малиот Кристијан“*

Целта на овој проект беше да се обезбедат финасиски средства потребни за да се направи операцијата на 11 годишниот Кристијан. Потребните средства младите ги обезбедуваат преку продажба на билети за хуманитарен фолклорен концерт , 2 хуманитарни забави и собирна акција на која даават мартинки и позитивни пораки на донаторите. Преку активностите тие собираат 20 268 денари кои ги донираат за операцијата на Кристијан.

Дисеминатор: Александра Михајловска

### *ООЦК Карпош „Заедно за подобро утре на Марко“*

Младите кои го изработуваа проектот успеаа да обезбедат 62 602 денари кои

ги донираат на дете со церебрална парализа на кое му е потребна терапија и третман во Хрватска. За да стигнат до потребната сума тие организираат низа различни акции, собирни акции во училиштата, креативни работилници за изработка на оригами како подарок за донаторите, продажни акции на рачни изработки во маркетите, организирање на фолклорен концерт, првоаприлска забава, прикажување на филм и организирање на велигденски базар.

Дисеминатор: Александра Михајловска

### *ООЦК Карпош „Секој може да помага“*

Целта на овој проект беше да се помогне на самохрана мајка со 2 деца на која и се потребни основни намирници за да си ги згрижи децата. Младите организираат собирна акција за храна, хигиена и облека во нивното училиште по која според потребите на семејството потоа се селектирани и донирани на нив.

Дисеминатор: Триме Ејупи

### *ООЦК Карпош „Хуманоста нема граници“*

Целта на овој проект беше да се помогне на 7 члено семејство така што ќе им се донира шпорет, пегла и ладилник. За да ја оставарат целта тие организираат собирни акции и креативни работилници за изработка на мотивациони пораки кои ги даваат на донаторите. Преку тие активности собираат 10 000 денари со кои успеваат д а обезбедат шпорет и пегла за семејството.

Дисеминатор: Александра Михајловска

### *ООЦК Карпош „Дарио е во мака, ние му подаваме рака“*

Целта на овој проект беше да се обезбедат дел од финансиските средства за операцијата на Дарио кој поради повреда има 33% слепило. Волонтерите за таа цел организираат низа настани како: собирни акции, Велигденски базари, креативни штандови по повод 8-ми март и хуманитарен фолклорен концерт, преку кои успеваат да соберат 29 000 денари кои ги донираат за операцијата на Дарио, но покрај тоа со тие пари обезбедуваат и пакети со храна и хигиена за едно социјално загрозено семејство.

Дисеминатор: Александра Михајловска

### *ООЦК Кисела Вода „Среќа за момент“*

Целта на овој проект беше да се помогне на самохрана мајка со едно дете кои се социјлано загрозени. За да им помогнат тие организираат концерт, кретивни работилници и турнир во ракомет преку кои собираат 27 995 денари и со нив обезбедуваат фрижидер, миксер, кревет, облека, даска за пеглање и пакети со храна и хигиена за подолг период.

Дисеминатор: Тамара Ѓуроска

### *ООЦК Кисела Вода „Од срце пееме за да ве насмееме“*

Целта на овој проект беше да се обезбеди кревет, шпорет и направа степер за да се подобрат условите во кои живее 4 члено социјално загрозено семејство, во кое едно од децата боледува од мускулна атрофија и мала интелектуална попреченост. Преку организација на 3 собирни акции, хуманитарен турнир во фудбал, хуманитарен концерт со повеќе изведувачи и донација на повеќе кафулиња од профитот од кафињата успеваат да соберат 43 000 денари со кои купуваат направа степер, шпорет, кревет, миксер, пегла и прехранбени продукти за подолг период.

Дисеминатор: Тамара Ѓуроска

### *ООЦК Кисела Вода „Да подадеме рака за насмевка без мака“*

Младите од овој проект сакаа да помогнат на малиот Давид кој не може да обезбеди некои средства, исто како и неговите врсници. За да му ја оставарат едноа од желбите на Давид младите организираат продажна акција за 8-ми март, Велигденски базар, фудбалски турнир и собирна акција во нивното училиште со кои обезбедуваат доволно парични средства и купуваат таблет и прибор за на училиште за Давид.

Дисеминатор: Тамара Ѓуроска

### *ООЦК Кисела Вода „Во потрага на изгубени насмевки“*

Целта на младите кои го изработуваа овој проект беше да ги подбрат условите за живот на социјално загрозеното семејство и да го прослават роденденот на

нивната 9 годишна ќерка. Преку продажба на мартинки, колачи за 8-ми март, собирни акции и организирање на фолклорен концерт собираат доволно парични средства за да обезбедат за семејството прехранбени производи, фрижидер, кревет, миксер, фен, соковник и електрично решо, но и го организираат роденденот на ќерката со торта, балони прошетка во Луна парк.

Дисеминатор: Тамара Ѓуроска

### *ООЦК Центар „Достоинство"*

Младите во овој проект имаа за цел да ги подобрат условите на едно социјално загрозено лице- баба Рада, која живее сама и во многу лоши услови. Тие решаваат дека треба да се бојадиса станот на корисникот со што ќе се направи дезинфекција на местото, ќе се исчисти станот и ќе се обезбеди пакет со храна и хигиена. Младите се ангажираат да организираат повеќе активностии успеваат да организираат една собирна акција со делење на мартинки на донаторите, собирна акција за 1 април за која изработиле маски кои исто така биле поделени на минувачите кои донирале, покрај тоа организираат и собирна акција во нивното училиште со што успеваат да обезбедат доволно средства за да го остварат замиленото и дополнително да можат во наредната година секој месец да и носат на баба Рада пакет со храна и хигиена.

Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

### *ООЦК Центар „ Заедно играме, заедно помагаме"*

Целта во овој проект беше да се обезбедат доволно парични средства за да се помогне на еден соученик кој не може да оди на матурска екскурзија со цел да не се двои од неговите врсници. За да ја остварат својата цел младите го активираат целото училиште така што организираат хуманитарен турнир во мал фудбал на кој учествуваат екипи од прва до четврта година од училиштето „Раде Јовчевски – Корчагин". Тие успеваат да ја соберат потребната сума, но и да издејствуваат за попуст во агенцијата поради што на крајот му обезбедуваат на нивниот соученик и џепарлак за на патувањето.

Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

### *ООЦК Центар „Од детска радост, до полно срце смеа“*

Мадите кои го изработуваа проектот решија да помогнат на една самохрана мајка со дете со интелектуална попреченост кои живеат со минимални примања. Тие увидуваат дека на семејството му е потребно машина за перење алишта и бојлер и за да го обезбедат тоа организираат собирна акција во ТЦ „Веро Центар“ и хуманитарен осмомартовски базар во градинка. Акциите им поминуваат успешно и со тоа успеваат да ги обезбедат потребните работи за семејството, но покрај тоа тие го прославуваат роденденот со нивната целна група и ги носат на една прошетка во зоолошката градина со што го разубавуваат периодот на едно дете кое не можело до сега да си ги приушти сите тие работи.

Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

### *ООЦК Центар „Со креативности позитивност до надеж за физичка активност“*

Целта на проектот беше да се обезбеди мек душек со мемори пена и флаширана неминерална вода за потребите на трочленото семејство Божиновски од с.Долно Лисиче во кое синот е хендикепирано лице со дополнителни здравствени проблеми поради што е работно неспособен. Младите за да помогнат на семејството организираат хуманитарен продажен штанд за денот на пролетта во нивното училиште, првоаприлска забава во средното училиштето „Р. Ј. – Корчагин“ и Велигденски хепенинг во ОУ „11 Октомври“. Преку тие акции они успеваат да ги обезбедат потребните работи за семејството, дополнително купуваат перница за синот и во наредните 14 месеци ќе носат пакет со храна за да ја олеснат состојбата на семејството барем малку.

Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

### *ООЦК Центар „ Хип-хоп сензација за Црвен крст донација“*

Младите кои го изработуваа овој проект имаа за цел да помогнат на брат и сестра кои се социјално загрозени, а притоа и сестрата поради хендикеп е неподвижна. За да им помогнат тие органзираат првоаприлски базар во градинка и хуманитарна хип-хоп забава на која промовираат повеќе млади изведувачи, со овие активности тие успеваат да соберат доволно средства и да обезедат соодветен кревет и перница за лицето со хендикеп.

Дисеминатор: Вероника Маринковиќ

### *Клуб на млади на Шуто Оризари „Минимална помош за максимална насмевка“*

Групата која го изработуваше овој проект е помош и поддршка на еден дедо кој се грижи за своите двајца внуци на 14 и 17 годишна возраст кои се останати без своите родители. Младите организираат 5 собирни акции на различни локации во Скопје и усепаа да собераат паричен износ од 17.911 денари. Парите ги намениле за опремување на кујна за да може семејството полесно да функционира. Купуваат мебел, инвентар за кујна како и потребни хигиенски средства. Тие учествуваат во изборот на кујна и во поставување на елементите.

Дисеминатор: Надир Усеин

### *Клуб на млади на Шуто Оризари „ Со мотивација до најширока насмевка“*

Младите кои го изработуваа овој проект сакаа да ги ублажаат последиците од опожарување на градинката Шуто Оризари во кој беше лоциран и детскиот центар - Деца на улица Шуто Оризари. Младите организирале ликовна работилницата со децата од детскиот центар по повод празниците 8 Април и Велигден. Организираа и една работилница на тема “Што сакам да бидам кога ќе пораснам”. Преку продажба на изработените дела како и преку собирни акции собрани беа 6.895 денари од кои се набавени материјали за работа со децата и тоа блокови, ранци, тетратки, фломасетри, водени боички, моливи...

Дисеминатор: Надир Усеин

### *Клуб на млади на Шуто Оризари „ Што и да е? Помош да е?“*

Целта на овој проект беше обезбедување на апарати за домаќинство на едно четиричлено семејство со што би се подобриле условите за живот. Младите од овој тим организирале проекции на филм со ромски превод за своите пријатели и сограѓани. Тие вложиле многу волонтерски часови за изработка на превод на филмот. Вкупно собрале 10.000 денари со што обезбедиле шпорет на дрва, многу хигиенски и прехрамбени производи.

Дисеминатор: Надир Усеин

### *ООЦК Чаир “Сплотени заедно за детска насмевки”*

Целта на младите од овој проект им беше помош на девет члено семејство од

Општина Чучер Сандево. Младинците сами изготвувале мартинки и организирале продажба на истите. Собрале 7.000 денари и со дел од  средствата набавиле детско креветче, количка за бебе, релаксатор и храна како за бебе така и за целото семејство. Дел од нештата ги добиле и како донација од хумани граѓани.

Дисеминатор: Радмила Кириќ

## *ООЦК Чаир  "Креативни волонтери за креативно катче"*

Целта на овој проект е разубавување на секојдневието на пензионерите од старскиот дом Лика Чопова. Младинците од овој проект изработувале мартинки кои беа продавани во нивната средина. Младите собрале 3.000 денари и со средствата набавиле полица која ја монтирале во дневна просторија во самиот пензионерски дом. Купиле друштвени игри, човече не лути се, шах, домино, карти...и ги поставиле на полицата.

Дисеминатор: Радмила Кириќ

## *ООЦК Чаир  "Заедно до матура"*

Преку овој проект младите од овој тим сакале да му овозможаат на еден ученик од 9-то одделение да учествува на прослава на својата полуматура. Семејството на ученикот не беше во состојба да ги подмири трошоците за полуматурата. Младите организирале собирна акција и продажба на мартинки. Во кретаивните работилници беа вклучени од други ученици од самото училиште но и нивните професори. Собрани се 4.800 денари од кои е платен аламанахот, купена е облека по желба на ученикот и извршена е уплатата за прославата.

Дисеминатор: Радмила Кириќ

## *ООЦК Чаир  "Направи го потребното иако никој не го забележува"*

Тим од овој проект за своја целна група избрале семејство во кое една стара баба се грижи на своите 3 внуци од како децата остануваат сираци заради несреќен случај кој се случил во нивното семејство. Младите организираат неколку собирни акции и забава во кафе бар и собираат 15.350 денари. Со средствата тие купуваат електичен шпорет, правосмукалка, храна и школски прибор за децата. Тие работат со внуците и им помагаат во нивните училишни обврски.

Дисеминатор: Емине Фетахи

### *ООЦК Чаир “Нашата работа со влијание на децата со посебни потреби”*

Целта на овој проект беше да им се помогне на децата со посебни потреби преку обука за комуникација и подобрување на условите во логопедска кабина. Младите од овој проект соработува со НВО Виножито. Изработуваа колачи кои го продаваа во стара скопска чаршија и организираа мал турнир во фудбал во ОУ Цветан Димов. Успејаа да собераат 17.021 денар и со средствата го опремија кабинетот на логопетод во НВО Виножито.

Дисеминатор: Емине Фетахи

### *ООЦК Чаир “Малку труд до нечија среќа”*

Волонтерите од овој проект, по истражувањето одлучуваат да го уредат дворот во Заводот за рехабилитација, односно да постават лулашки, да го исчистат и украсат за да може децата во дворот да го поминуваат своето слободно време. Преку низа на активности кои ги реализираа, изработка и продажба на мартинки, продажба на мекици, хуманитарен фолклорен концерт, првоаприлска забава под маски, изработка на велигденски корпи со децата и младинците од заводот за рехабилитација собраа 22.565 денари и успеаа да ја раздвижат својата заедница и да го реализираат проектот.

Дисеминатор: Радмила Ќириќ

### *ООЦК Чаир ”Мали сме но тоа не не спречува”*

Целта на овој проект беше помош на социјално ранливо 5 члено семејство. Младите организирале собирна акција и балетска претстава од кои успеале да соберат 7.000 денари со кои купиле електричен шпорет, тепих, алишта и корпа за алишта со кои ги задоволиле потребите на семејството. Младинците исто така ја исчистиле и средиле куќата каде што живее семејството.

Дисеминатор: Емине Фетахи



Програмата Црвен крст во Акција - Промоција на Хумани Вредности (ЦКА-ПХВ) веќе 18 години претставува национална алатка за привлекување и задржување на волонтери во Црвениот крст. Истата се имплементира во сите Општински организации на Црвениот крст и на годишно ниво обучува 1200 младинци, потенцијални волонтери во организацијата.

Младите добиваат обука за вредностите на Црвениот крст, учат за културата како систем од вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно општество. Тие добиваат и практични знаења како да изработуваат мали проекти а при тоа се охрабрени да ги користат сопствените капацитети за изработка на проектите преку кои помагаат на ранливото население во местата каде што живееат.

Во текот на циклусот во 2017 година, обуката ја поминаа 1.157 младинци кои изработија 173 мали проекти, вложија 32.490 волонтерски часа, помогнаа ______ лица, беа собрани ______ евра од заедница кои се вратени во заедница, беа изработени 26 мали проекти со сонце (трајни промени во заедница) и се одржа две финални работилници на кои присуствуваа 150 учесници од кои 5 гости од Црвен крст Телемарк од Норвешка.

**www.skopje-redcross.org.mk**